Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 65-та седница одржана на ден _.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување вршители на должност за членови на**
**надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на**
**ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи" Велес**

1. Со ова Решение се назначуваат двајца вршители на должност за членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк - Спорт и Паркинзи" Велес:

   ____________________ и
   ____________________.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение:

Согласно член 17–ѓ став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24): ,,Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност за членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу шест месеци, без можност за продолжување” и став 7: ,,Општината односно градот Скопје кога е основач на јавното претпријатие, Советот на општината односно Советот на градот Скопје назначува вршители на должност членови на управен одбор на предлог на градоначалникот на општината, односно на предлог на градоначалникот на град Скопје”, а во врска со член 26-а: ,, Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17-д и 17-ѓ од овој закон кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор”.

Советот на Општина Велес на 58-та седница одржана на ден 12.12.2024 година, донесе Решение за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес со арх. бр. 25-4986/20 од 13.12.2024 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.14/24) со кое се именуваат: Елена Јаневска Гиновска и Катерина Граматова за вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес.

Поради истек на 6 (шест) месечниот мандат на именуваните вршители на должност за членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес, потребно е да се именуваат нови вршители на должност со цел непречено функционирање на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес во целосен состав.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.